**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.09.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3933 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 август 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 септември 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

- нема

**7. Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**, емитуван на 4 август 2017 година, **не се констатирани прекршувања** на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***